# ОПШТИНА РАДОВИШ

Дел. Бр. 14-25/2
05.01. 2018 год.

Врз основа на член 34 од Статутот на општина Радовиш (Сл.гласник на општина Радовиш бр. 05/02), како и врз основа Правилникот за критериуми за избор на најуспешни спортисти, спортски екипи и спортски работници бр.08-348/1 од 11.02.2015 год., Комисијата за култура, образование и спорт при Советот на општина Радовиш на ден 09.01.2018 год. објавува :

## О Г Л А С

за предлагање на кандидати за избор на спортист, спортска екипа и тренер за 2017 год. како и за спортски работник за повеќегодишна работа

1. Комисијата за култура, образование и спорт ги повикува сите спортисти и спортски екипи од општина Радовиш, кои имаат остварено спортски успеси во текот на 2017-та година, да пријават кандидати на Јавниот оглас.
2. Поднесената Пријава треба да биде потпишана и заверена од страна на овластеното лице на спортскиот клуб или здружението кое го пријавува спортистот, спортската екипа, тренерот или спортскиот работник.
   Во пријавата треба да бидат наведени постигнатите резултати во поединечна или во екипна конкуренција во 2017-та година, а во прилог да бидат приложени докази за истите (копија од диплома, фотографија, извештај од федерација и сл.).
3. Рокот за доставување на пријавите е 10(десет) дена од денот на објавувањето на Јавниот оглас, заклучно со 18.01.2018 год.
4. Пријавите се поднесуваат на адреса :
   ЕЛС општина Радовиш
   Комисија за култура, образование и спорт
   Бул. „Александар Македонски“ бр. 7, 2420 Радовиш
   Или директно во архивата на ЕЛС општина Радовиш
   Со назнака : **За избор на спортист на годината**

Комисија за култура, образование и спорт
Претседател : Ристо Спасов